РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.07.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 16 | | |

ДО

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Македонски Телеком

# Б А Р А Њ Е

Предмет. Промена на обичен кабел со оптички кабел на

Почитувани јас сум
корисник на услугите од наведената компанија од 1987 година.
Во 1986 година преку пријателска врска успеав да уплатам во пошта за да добијам фиксен телефон, при што морав да чекам уште една година но со приоритет во однос на другите линии при поставување на телефонската линија за да во 1987година добијам фиксен двојник. Корисник сум на Магенда услугите од почеток до ден денеска, но имам големи проблеми со линијата, кабелот е многу оштетен по кажување на вработените за одржување на услугите ТЕЛЕВИЗИЈА.

До декември 2024 година немав никаков проблем со кочејне на сликата на телевизорот, но тогаш го продолжив договорот за 2 години во салон Кичево ми беа дадени нови рејсивери а старите ми беја земени бидејќи со новите рејсивери сликата ќе била подобра а со новиот договор сега плајчам 338 денари повеќе за истите услуги што ги имав од предходниот а сликата е катастрофа постојано кочит. Стручните служби на Т мобиле повеќе пати работеја на терен и по нивно кажување стариот кабел е многу оштетен треба мејнавање со оптички за да може да ги подржават новите рејсивери.
Јас ги побарав старите рејсивери ги добив но состојбата е иста, сега и тие кочат катастрофа е.

Еден од дежурните на 122 ми викат НЕРЕШЛИВ ТЕХНИЧКИ ПРОБЛЕМ е мојов случај, требало 3 километри оптички кабел да се поставит во Македонски Брод па да имам добра слика, најдобро би било ја да го раскинам предвреме договорот без казнени поени па да чекам да се поставит нов 3километри оптички кабел. Јас сум краен корисник на наведената линија, предмене незнам колку има знам дека комшиите го имаат истиот проблем. По кажување на мајсторите кои ја одржуваат линијата, оптички кабел има до црквата во Македонски Брод на одалеченост од мене од околу 700/ 800 метри. Почитувани јас немам намера да го раскинам договорот а казнени 338 денари веќе плаќам со новиот договор со тоа што немам квалитетна слика а секогаш навремено чесно поштено си ги плаќам моите сметки.
Ако нешто се сакат може да се решит нема НЕРЕШЛИВ ТЕХНИЧКИ ПРОБЛЕМ, се надевам после ова мое детално укажување за оваа линија стара 38 години време да ја заменте со нова.
Со почит благодарам за разбирањето.

07.07.2025 год